Почитувани,

Во дополнение на информациите за учество на тендер, сакаме да Ви обратиме внимание на следниве важни аспекти.

ПроКредит Банка АД Скопје нуди широк спектар на банкарски услуги за микро, мали и средни претпријатија, како и за физички лица.
Акционери на Банката се странски меѓународни финансиски организации и меѓународни инвестициони компании. ПроКредит Банка не е поврзана со ниту една економска или политичка група.
ПроКредит Банка се стреми кон постојан развој за што сведочи порастот на обемот на работењето, бројот на нови експозитури и бројот на вработените. Затоа сме заинтересирани за воспоставување и развој на долгорочни односи со нашите деловни соработници, согласно растечките потреби на Банката. При изборот на деловните соработници, ПроКредит Банка се раководи од принципите на чесна и праведна конкуренција.

Со Кодексот за однесување Банката предвиде прецизни правила кои ја исклучуваат можноста за конфликт на интереси (ситуации кога личниот интерес на вработените противречи на неговата службена позиција). Вработените во ПроКредит Банка се запознаени со Кодексот на однесување и сносат лична одговорност за секое нарушување на бизнис етиката. ПроКредит Банка очекува адекватен однос и од страна на своите деловни соработници.
ПроКредит Банка е против користење на било какви методи на несовесна и нелојална конкуренција, на пример: плаќање на парични суми на вработени во Банката, давање на вработените скапи подароци или давање на услуги во други форми.

ПроКредит Банка подеднакво негативно се однесува кон секој вработен, кој ја користи службената положба со цел за здобивање на лична материјална корист или друг вид на компензации, како и кон деловните соработници на Банката кои нудат материјална корист или компензација на вработени во Банката со цел добивање на тендерот.
Деловните соработници на Банката кои имаат намера да добијат предност на тендерот, служејќи се со несовесни методи, ке бидат засекогаш исклучени од списокот на можни кандидати за учество на тендери на ПроКредит Банка.
Тендерската постапка се реализира согласно интерниот правилник и интерните процедури на ПроКредит Банка АД Скопје.
Се надеваме на разбирање и соработка, засновано на чесни, взаемни и долгорочни односи.

Учесник на тендер

_______________________________

Назив на фирмата (име и презиме)

____________________

Даночен број

____________________________

Потпис и Печат

ProCredit Bank
Манапо 7, 1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
S.W.I.F.T PRBUMK22

Phone: +398 2 244 60 00
mkd.info@procredit-group.com
www.pcb.mk

Members of Managing board:
Emilija Spirovska, Member of Managing Board
Stevce Kuzmanovski, Member of Managing Board